**Д-р Марија Ташева**
**Институт за социологија**
**Филозофски факултет-Скопје**

# МАКЕДОНСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА НА ЈОЗЕФ ОБРЕМБСКИ

Во есента 1932 еден млад Полјак, етносоциолог, на кого неговите професори, имајќи ги предвид неговите интелектуални капацитети, му предвиделе успешна научна кариера, дошол во Македонија за да го истражува опстојувањето на примитивната култура на просторот на Европа. Јозеф Обрембски тогаш имал 27 години, но и искуство на студент на Јагелонскиот Универзитет кој учествувал во издавањето на "Lud Slovianski" (Словенски народ), првото интернационално списание посветено на дијалектологијата и етнографијата на Словените, на асистент и соработник на Казимјеж Мошињски, кој дал значаен придонес во собирањето на податоците од областа на Балканот за монументалното дело на професорот *Народната култура на Словените,* како и студент на Бронислав Малиновски, кој му бил ментор за време на студиите во Лондон спонзорирани од фондацијата Рокфелер. Тој, како што констатирал самиот, го имал и личното искуство на човек роден во земја на селанството.

Малиновски одиграл особено значајна улога во обликувањето на научниот профил на Обрембски. Споделувајќи го убедувањето на учителот дека вистинскиот интимен контакт со луѓето е базичен услов за ефикасна теренска работа, Обрембски го прифатил методот на теренско истражување - на интимни односи, постигнување разбирање за нештата, флексибилен пристап, набљудување наместо испрашување. Овој пристап за него останал приоритетен и тогаш кога не бил во состојба да го практикува. Повеќе години по својот престој во Порече, тој со жалење ќе констатира дека поради констелација на околности има тешкотии да ја зачува свежината на функционалниот метод, што бил во состојба да го усвои во времето кога му бил студент на Малиновски и кога овој го надгледувал неговиот етнолошки и социолошки тренинг.

Обрембски го практикувал функционалниот метод во истражувањето спроведено во Македонија, за подоцна да стане еден од првите популаризатори на овој метод во Полска. Него го применил во теренското истражување во Полесје, спроведено во периодот 1934-37, каде бил придружен од група соработници. За него држел предавања на универзитетите во Варшава и Лоѓ.

Истржувањата во Порече биле тест за упорноста на младиот научник во соочувањата со непредвидливите тешкотии на теренот. Опремен со познавањето на локалниот јазик и методологијата на неговиот професор, како и со манирите на љубезност и непосредност кои биле одлики на неговиот карактер, препознавани и ценети од сите што го познавале, тој очекувал дека брзо и лесно ќе почне со реализацијата на својата научна цел. Но, поминале недели и месеци на очај додека да успее да ја постигне потребната контрола на ситуацијата[1]. Со месеци тој ја вршел својата секојдневна работа на етнолог и притоа наидувал, дури и кај најдобрите пријатели и информатори што ги стекнал на теренот, на непробојни бариера. Оваа бариера ги блокирала сите негови напори да допре до срцевината на комуналниот живот, до обичајните, непишани правила, до скруполозно прикриваните скандали и злодела. Од ден на ден се соочувал со истата ситуација, при допирот на било каква "проблематична" тема да се сретне со поглед на недоверба, да почувствува заладување на атмосверата и блокирање на конверзацијата.

Но, мразот најпосле бил скршен. Сосема ненајдено и неочекувано, "подземната струја на комуналниот живот се прекршила преку пречката на обичајот, социјалните конвенции и хармонијата и ги ослободила интригите, магијата, оговарањето и навредите, криминалот и казните. Маската на хипокризијата и притворноста со која луѓето го држеле на растојание станала бескорисна. Шемата на претставата дека с# оди најдобро во овој најдобар од сите можни светови станала бедна комедија"[2]. Обрембски го започнал своето научно истражување.

---

[1]Според Анна Енгелкинг, "Objective Observation and direct experience: Josef Obrebki's research in Macedonia, contextualizing his scientific biography (1926-1937), во:70 години од истржувањата на Јосиф Обрембски во Македонија, Прилеп 2002, 58.

[2]Исто, 59

Но, текот на истражувањето добил други насоки од првобитно зацртаните: да ја истражува материјалната култура во реонот на Порече. Откога станал внатрешен посматрач, светот што се открил пред него ја направил неважна оваа цел. Тој сега се насочил кон родинството, структурата на селската заедница, проширеното патријархално семејство и неговата улога во рамките на селската заедница, кон општествениот статус на жената, кон магијата, ритуалот, митологијата и народната медицина. Секако, своја улога во оваа пресвртница, како што посочува Ана Енгелкинг, имало и влијанието на учителот Малиновски. Обрембски, имено, ја усогласил својата истражувачка цел со оние области на социјалната антропологија што биле предмет на интерес на Малиновски.

Одушевен од својот учител и неговите истражувања спроведувани во егзотичните острови на Океанија, Обрембски на почетокот како да жалел што своето истражување го лоцирал меѓу народ кој, според прифатените етнолошки критериуми, зазема одвај периферно место, кој не & припаѓа на некоја од егзотичните раси: црна или црвена, туку на една левантинска расна мешавина што може да се открие во секоја поголема метропола во светот[3]. Во планинската котлина на Порече тој наишол на народ што го карактеризирал како малку познат во историјата и во етнологијата, кој се наоѓа на маргините на современата историја, надвор од струјата на големите промени и историски настани на современоста, но сепак народ на повисоко цивилизациско ниво од домородците на Тробријандските острови. Во еден од своите многубројни необјавени трудови од Македонија тој ќе рече: "како што е познато, тоа е култура на населени земјоделци и овчари, кои се служат со плугот и ралото и товарните животни, тоа значи таков тип на култура, кој се карактеризира со повисоко цивилизациско ниво, кое се развива на периферииите на големите цивилизации"[4]. Тоа е народ кој му припаѓа на европското семејство,

[3]Непосредно пред доаѓањето во Порече бил член на тимот што му помогал на Малиновски во подготвувањето за публикување на Коралните градини и нивната магија.

[4]Обрембски, Јозеф, "Религијата на православните Македонци", во: *Македонски етносоциолошки студии*, книга II, Скопје-Прилеп, 2001, 25

кој дава само една од различните варијанти на традиционалната народна култура на Источна Европа. Неговото место е слично на она што го заземаат "милиони кинески или индуски селани, египетски фалахи, пеони во Мексико, или најпосле земјоделските овчари во Судан или Абисинија"[5]. И понатаму: "ако земеме предвид дека религиозниот живот на овие луѓе се развива под големо влијание и во рамките на религиозната организација создадена од христијанството, исламот, будизмот или браманизмот, а тоа значи религиозни системи што се историски врв во развојот на човековата религија, нема да имаме големи сомневања во тоа дека прифаќајќи ја оваа тема во однос на било кој од овие народи, пристапуваме во неодредена и ничија област на културни појави во животот на општеството, која во својата суштина не им припаѓа ниту на историјата, ниту на етнологијата ".

Но, реалноста со која се соочува откога го избрал ова истражување и откако се сретнал со овој народ, го убедува во погрешноста на таквите квалификации. Тој сега ќе констатира дека погледите на двете науки, историјата и етнологијата, се погрешни, и дека оваа грешка својата основа ја има во аристократското разбирање на хуманистичките науки што се влече од аристократското минато на европската цивилизација и светогледите што ја притискаат.

Народот што дошол да го истражува го живеел својот живот на еден дел од големиот планински масив североисточно од пелагониската котлина, во просторот ограничен со планинските синџири на Јакупица, Караџица и Сува Гора, Даутица и Куртов Камик, Лимуен, Добра Вода, Белезник и Песјак. Во овој простор, кој станал поле на неговото истражување, биле сместени повеќе села од кои најмалото имало 9, а најголемото 80 куќи, но повеќето биле со 20 до 50 куќи. Во секое село куќите биле поделени во неколку помали групи што соодветствувале со неговата родова структура. Секое село имало свој мит за потеклото, но, "не постоел мит за основањето на некое село кој ќе биде фундаментално различен од останатите митови или кој, барем во одредени делови, не се повторува во описите на другите селски митови"[6].

---

[5]Исто,25-25

[6]Обрембски, Јозеф, "Општествената структура на селото", во: *Македонски етносоциолошки студии*, книга III,2002, 41

Во овој планински крај почвата била неплодна, а жетвите сиромашни. Населението се занимавало со две стопански дејности: земјоделство и сточарство, а учеството во нив не само што ја обезбедувало егзистенцијата, туку го определувало и местото во стратификациската структура на селото. Овде Обрембски открил покомплексна структура од онаа на која наишол Малиновски на Тробријандските Острови, но многу поедноставна од структурата на европските општества. Секое село опстојувало како заедница ситуирана на одреден простор од кој еден дел - помалиот - претставувал приватна сопственост, а друг - поголемиот - заедничка сопственост на селото. Во приватна сопственост била земјоделската површина, додека заедничка сопственост било необработливото земјиште, односно шумите и пасиштата. Двете земјишта биле важни за опстанокот: двете, како што ќе рече Обрембски, во голема мера кореспондирале со двете стопански гранки. Но, со оглед на скудноста на тлото, земјоделството не го имало тоа место што му припаѓало на сточарството. Со земјоделство можело да се обезбеди само храна. Богатство се обезбедувало преку сточарството. Оттаму и економскиот статус на домаќинствата се мерел преку бројот на овците, козите и говедата што ги поседувале. Имено, богатството се стекнувало не преку големината на земјата што била приватна сопственост, туку преку учеството во искористувањето на земјата што била заедничка и од која секое домаќинство земало онолку колку што било во состојба.

Оттаму и класната структура на селото, онаква каква што ја открил Обрембски, не кореспондирала со големината на земјиштето како приватен имот, туку со големината на домаќинството, со количината на трудот што можел да биде вложен во искористувањето на заедничкото земјиште. Овде "стопански успех постигнувала само групата која, во рамките на истата стопанска единка, била способна да ги реализира сите стопански области кои & осигурувале егзистенција и дозволувале акумулација на разни видови на богатство"[7].

[7]Исто, 10

Обрембски ја употребува вообичаената класна шема за да ги претстави стратификациските разлики на селото. Тој ќе рече: "поречкото село се дели на три групи: богати, средни и сиромаси"[8].

Богатите, зенгии или чорбаџии, познати во целата околина, горди поради позицијата што ја имаат, се, пред с#, големите семејства, составени од десетина и повеќе лица. Нивна главна стопанска гранка е сточарството, иако им е битно и земјоделството за обезбедување храна на многубројното членство. Нивната сила се мери со големината на стадата што ги имаат. Кај нив бројот на членовите во семејството влијае на рационалната поделба на работата и дозволува соодветно организирање на домашните занаети.

Средната класа ја сочинуваат семејствата со помал број на членови, не повеќе од 5 до 6, кои, исто како и претходните се земјоделци и сточари, но повеќе земјоделци отколку сточари. Тие ја немаат онаа работна сила што е потребна за одгледување на големи стада. Тие ја обезбедуваат прехраната преку земјоделство, а парични средства потребни за плаќање на данокот и набавување стоки што не ги произведуваат остваруваат главно преку производство на дрвен ќумур. Обрембски ќе истакне: "производството на дрвениот ќумур во голем обем е главната индустриска дејност на средните селани, тоа е нивната *стока,* нивниот производ за размена, кој носи вишок во куќата, некои рудименти на богатство"[9].

Третата класа, сиромасите, ја сочинуваат некомплетните семејства, останати без мажи или жени, групи кои имаат повеќе усти отколку работници, самотници, вдовци и слично - домаќинства со намален број на членови, неспособни за производство дури и на она што им е најпотребно - лебот. Тие своите потреби не се во состојба да ги покриваат со производство на дрвен ќумур, бидејќи немаат коњи. Со сточарство речиси да не се занимаваат, чуваат само кози. Нивните ниви се слаби, приносите лоши, бидејќи нема ѓубре. Нивната егзистенција е поврзана со филантропијата на богатите.

[8]Исто

[9]Исто, 11

Самата основа на стратификациската структура на селото, каква што била согледана од Обрембски, искористувањето на земјата што е заедничка, ја наметнува претпоставката за отворен конфликт меѓу класите. Него тој го открива меѓу двете повисоки класи и го поврзува со различниот начин на користење на заедничката селска територија, односно нивните спротивставени интереси. Имено, со оглед на тоа што богатите биле главно сточари, нивната стопанска положба зависела од можностите на терените за пасење кои им се доделувале во селскиот атар. Тие имале потреба од големи пасишта и простори обраснати со планински дрвја, бука и даб, кои обезбедувале место за зимска паша на козите. Средната класа, пак, својот вишок го остварувла преку производството на ќумур, односно преку сечење на шумите.

Класниот конфликт, продлабочен со палијативноста во определувањето на даноците, кој ја обзема селската заедница на Порече во триесеттите години на XX век, веќе говори дека оваа заедница се соочувала со интензивна промена, дека со брзи чекори се движела по патот на модерноста.

Но, Порече сеуште било проникнато со доволно голем број артефакти на примитивната култура, за да претставува интересно поле за истражување на оној чиј истражувачки интерес бил насочен кон елементите на примитивната култура. Такви елементи Обрембски наоѓа во изобилство. Тие се преточени во голем број трудови, од кои повеќето, за жал, дури сега го доживуваат своето прво публикување.

Овде само ќе споменеме неколку аспекти на културата на Порече што предизвикале особен интерес кај Обрембски. Тоа биле остатоците на семејната задруга и доминирачкото патријархално семејство, составено од три генерации, со нагласена хиерархија по возраст и пол. Во неговиот опис многу пластично е претставено инфериорното место на жената. Но, продлабочената анализа на Обрембски открива пукнатини во традиционалната семејна хиерархија токму преку неизнивелираната положба на жената во сите домени на општествениот живот. Ако таа била инфериорна во рамките на семејството и световната структура на селската заедница, нејзе недвојбено & припаѓала доминантна позиција во

светот на магијата. Жената, со помошта на магијата "го обезбедува по натприроден пат здравјето на луѓето и животните, ја предизвикува плодноста на семејствата и стоката, продуктивноста на земјоделството, богатство, изобилство и успех"[10]. Нејзино тајно оружје, од кое сите стравувале, можела да биде и злосторничката магија.

Поголемиот дел од втората книга на собраните дела на Обрембски му е посветен токму на паганското православие на народот во Македонија, во кое религијата и магијата не се јасно диференцирани и во кое втората како да има предност. Овде многу пластично е претставена црната магија - првата табу тема за него како истражувач и неговиот голем успех во продирањето во најсуптилните аспекти на селскиот живот. Голем простор, се разбира, им е даден и на стопанската и здравствената магија.

Од големиот број разработени теми на Обрембски, кои нагледно ја отсликуваат природата на локалната култура на Порече, овде ќе ја спомeнеме уште практиката на откупот на невестата. Тој откупот го разработил од економски аспект, но постојано укажува на големата улога на оваа практика во остварувањето на целите на општествената интеграција.

Научната кариера на Обрембски не течела онака како што предвиделе неговите професори. Тој своите истражувања ги засновувал на функционалниот метод во време кога во неговата Полска студентите биле едуцирани во духот на културално-историскиот метод. Овој метод не претпоставувал истражување на институциите и структурните форми на дадените општества како функционалниот, туку насочувал кон истражување на елементите на различни просторни аранжмани и нивното потекло и детерминираност. Неговите крајни цели не биле насочени кон народната култура, туку кон далечни епохи што требало да бидат реконструирани преку истражувањето.

Обрембски дури и не се обидува да публикува голем дел од своите материјали од Порече по напуштањето на Македонија. Нив не ги употребил во својата докторска дисертација, насловена

---

[10] Обрембски, Јозеф, *Македонски етносоциолошки студии*, книга II, 69

Расветлување на *семејната организација кај Словените во обичајот кувада,* бранета на Универзитетот во Лондон во 1934 година. По враќањето во Полска го објавил трудот: *Црната магија во Македонија* и одржал предавање за вештерството во Македонија на средба на Институтот за антропологија и етнологија на Варшавското научно друштво. Во текот на 1936 во *Научно-литературен магазин* во пет продолженија го публикувал *Системот на религијата на македонскиот народ*. Ана Енгелкин претпоставува дека тоа била сублимирана верзија на книга што планирал да ја објава токму во времето кога Полска била окупирана од Германија. Од неговата кореспонденција може да се заклучи дека имал намера да работи на книга за македонските баснарки, но оваа цел не ја реализирал[11]. Во 1977 година, во едиција на Керевски-Халперн и Џоел Харперн и издание на Универзитетот во Амхерст била издадена *Ритуалот и општествената струкртура на македонското село.*

Всушност, по враќањето во Полска во 1934, Јозеф Обрембски ја добил задачата да спроведе теренско истражување во Полесје, во еден граничен предел меѓу Полска, Белорусија и Украина, со кој самиот, преку раѓањето и детството, бил интимно поврзан. Во тој поглед Порече ја добива улогата на методолошка подготовка за големото истражување во Полесје. Престојот во Порече го подготвил на Полесје да не му пристапи како на "музеј на словенски антиквитети", туку како на "етносоциолошка лабораторија" во која му се дава можност непосредно да ги проучува директните аспекти на општествениот и културниот живот. Иако овде истражувачката цел не му била препуштена на личниот интерес на истражувачот, зашто била дефинирана од државните институции како нарачатели на истражувањето, тој бил во можност да ги примени сите методи што ги истренирал во Македонија: набљудувањето, истражувањето со учество, варијации на техниката интервју кои оделе од формален прашалник до неформална конверзација.

---

[11] Податоците за животот и делото на Обрембски се земени од трудовите на Ана Енгелкинг и Џоел Мартин Халперн, објавени во Зборникот 70 години од истражувањата на Јозеф Обрембски во Македонија.

По Втората светска војна Обрембски емигрира во Британија и подоцна се сели во Соединетите Држави. Тој ја носи со себе збирката белешки од теренските истражувања, но не ги финализира во посебни студии, иако тоа има негативен одраз врз неговата универзитетска кариера. За таквата практика има само претпоставки: дека лично не негувал респект кон академските титули и формалностите на академскиот живот, дека не успеал да се прилагоди на животот во Соединетите Држави, дека бил перфекционист кој никогаш не бил задоволен од она што ќе го напишел.

Независно од мотивите на Обрембски, останува фактот дека неговите материјали од теренското истражување во Македонија половина век лежеле во архивот на Универзитетот во Амхерст. Оттаму и потребата и моралната одговорност да ги истакнеме големите заслуги на Институтот за старословенска култура, и особено на неговиот актуелен директор д-р Танас Вражиновски, во нивното вадење од заборавот преку макотрпната работа околу обезбедувањето согласност да бидат пренесени во Македонија и сите придружни дејности поврзани со дешифрирањето, преводот и објавувањето.

Јозеф Обрембски, со префинетоста на еден високо сензитивен научник, не воведе во средиштето на еден многу значаен, а многу малку истражуван период од нашата културна историја - периодот кога традиционалната селска култура се сретнува со предизвиците што ги носи модерното општество. Тој ни понуди широко поле за работа. Нам ни останува неговите матријали да ги ставиме во функција на потполнување на мозаикот на нашето минато и давањето одговори за нашата сегашност.